Дневник
on-line издание





КУЛТУРА

петок, 08 мај 2009

## Педесетина скулптури во центарот на Прилеп



*„Крали Марко" отсега поблиску до граѓаните*

Скулптурата на Крали Марко, Фолка, Дете со топка, Жена и десетици други уметнички дела во мермер, метал и дрво заробени на градилишта, во фирми, зарастени во плевел и на несоодветни локации ќе се извадат на виделина во Прилеп. Повеќе од педесет скулптури ќе бидат поставени во центарот во првата фаза на проектот „Галерија на отворено", кој го промовираа локалната самоуправа и Центарот за современа ликовна уметност. Дел од скулптурите ќе биде поставен до почетокот на театарскиот фестивал во Прилеп на 5 јуни. Формирана е локална комисија, која евидентирала 111 скулптури. Таа ќе предложи соодветна дислокација или уредување на просторот. Прилеп располага со над 300 експонати, подарени од уметници-учесници на уметничкото лето што се одржува речиси 50 години.

- Голем дел од творештвото, создавано речиси половина век, е на несоодветни места, подалеку од очите на граѓаните, туристите и на љубителите на уметноста. Локалната самоуправа во соработка со Центарот за современа ликовна уметност и соодветна комисија ги документира скулптурите и ќе предложи соодветно преместување - вели Снежана Ристеска, советничка за култура.

Диме Јанески од Центарот за современа ликовна уметност смета дека само стотина се на очиглед на јавноста, од околу 300 дела, создавани речиси 50 години од уметниците-учесници на многугодишните манифестации на Симпозиумот во мермер, работилницата на пластика во метал и дрво. Некои од скулптурите се оштетени, зарастени во трева или локациите ја изгубиле важноста. Некои се поставени и во прилепските фирми, кои не ги одржуваат. Ќе се преместат на фреквентни места, обележани со наслов, со името на авторот и времето кога биле создадени. Ќе се избираат локации блиски до граѓаните и посетителите, но нема да бидат композициски поврзани - вели Јанески.Според него, дел од оштетените ќе се чистат, на дел ќе им се уредува пристапен простор и постаменти за да бидат поприvlечни. Тој соопшти дека дел до креациите на уметниците-гости на манифестациите се поставени во Битола и во Скопје, а четири се во Националната галерија во Скопје.

**(Љ.М.)**

НАСЛОВНА




НАЈЧИТАНИ

1. Каде се излеаја 5 милиони евра
7.269 посети

2. Во партијата на Селмани страв од братство и единство
5.251 посети

3. Ја зијаниле невестата, курбан отидоа сватовите
3.045 посети

ПРЕБАРУВАЊЕ

dnevnik.com.mk

Барај со НАЈДИ!

Барај со НАБУ

Powered by nextsense webBuilder

ПРИЈАТЕЛИ НА ДНЕВНИК
ПРЕСПА
www.aber.net.mk

- Две изложби во Национална галерија
- Премиера на „Лидија" во Куманово
- Секнаа парите за Толковниот речник
- Меѓународен проект во Музеј на Град Скопје

Колумна
Никогаш доволно добри тела
пишува: Ирена Цветковиќ

Едиторијал
Положен екстерниот тест
пишува: Бранко Ѓорѓевски

Колумна
Договорни обврски
пишува: Зоран Стевревски

ВРЕМЕ

| Петок | Сабота |
|---|---|
| мин-макс 6/23 | мин-макс 1/22 |

ХОРОСКОП

КУРСНА ЛИСТА

| | |
|---|---|
| EUR | 61.39 |
| AUD | 34.26 |
| USD | 46.08 |
| GBP | 69.28 |